РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
04-1612/1
18-05-2026

Врз основа на член 37 став (8), став (11) и став (12) од Законот за вработените во Министерство за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.53/24), а во врска со член 10 од Правилникот за начинот на поднесување пријава за вработување во Министерството за одбрана, составот на Комисијата за избор, начинот на работа на Комисијата за избор, составување на ранг листи, бодување и избор на прворангиран кандидат („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.247/24), државниот секретар донесе

# О Д Л У К А

за избор на кандидат по објавен јавен оглас број 1/2026 за вработување на 35 (триесет и пет) лица во Министерството за одбрана

1. Во врска со Јавниот оглас број 1/2026 за вработување на 35 ( триесет и пет) лица во Министерството за одбрана, објавен на ден 07.04.2026 година на веб страницата на Министерството за одбрана и во дневните весници „Вечер" и „Коха", за работно место: **Помлад соработник за меѓународни регулативи и меѓународно право, категорија В, (1) извршител**, се избира кандидатот **БЕРГИН ИСЉАМИ**, со идентификациски код **ОДБ02 038.**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на веб страницата на Министерството за одбрана.

3. По конечноста на Одлуката со избраниот кандидат ќе се склучи Договор за вработување и ќе се донесе Решение за распоредување.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Јавен оглас број 1/2026 за вработување на 35 ( триесет и пет) лица во Министерството за одбрана, објавен на ден 07.04.2026 година на веб страницата на Министерството за одбрана и во дневните весници „Вечер" и „Коха", за работно место: ОДБ0210В04000 Помлад соработник за меѓународни регулативи и меѓународно право, категорија В, (1) извршител, формирана е Комисија за избор на кандидати за вработување по Јавен оглас со Решение „ОУ" бр. 04-405/1 од 23.04.2026 година.

Предметната Комисија ја спроведе постапката за селекција и избор на кандидати и согласно законската и подзаконската регулатива состави: Записник од административната селекција „ОУ“ бр. 03-427/1 од 27.04.2026 година, Записник од спроведениот писмен испит „ОУ“ бр. 03-427/2 од 05.05.2026 година и Записник од спроведено интервју „ОУ“ бр. 03-427/3 од 14.05.2026 година чиј составен дел се листи на кандидати кои продолжуваат во следната фаза на постапката.

По завршување на сите фази од постапката за селекција и избор за вработување, предметната Комисија до Државниот секретар со допис „ОУ“ бр. 03-492/19 од 15.05.2026 година, достави ранг листа на кандидати од сите фази на селекција со предлог за избор на прворангираниот кандидат.

Согласно наведеното, именуваниот/та е прворангиран/а кандидат и од која причина се донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалба преку Министерството за одбрана до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката. Со истек на овој рок, Одлуката станува конечна.

Изработила:Елена Ч.Ташаминова
Контролирал: Елена Иванова
Одобрил: Ирена Станковска

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Елизабета Чуповска Ристова

Достава до:

-избрано лице ( електронска достава)
-пријавени кандидати (електронска достава)
-Директорат за комуникации ( копија бр.1 за објава на ВЕБ страна на МО)
-Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука (копија бр.2)
-Архива (примерок бр.1)